II СТ-369/16

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ Оддел за стечај и редовна ликвидација Република Македонија

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ** како првостепен граѓански суд преку судијата Мр.Вероника Станојевска постапувајќи по предлогот поднесен од предлагачот- доверител доверител КХ Фурија ДОО со седиште на ул.Љубичева 7, Сплит Р.Хрватска преку полномошник адвокат Владимир Цековски од Скопје за отворање на стечајна постапка на должникот Друштво за производство ,трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје со седиште ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје Центар, вон рочиште на ден 21.12.2016 година, го донесе следното,

Рок на чување ____ 20__ год. Потпис

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I.**

**СЕ ЗАПИРА** поведената претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство ,трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје со седиште ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје Центар, со трансакциска сметка бр.210061968450171 на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје и со трансакциска сметка бр.210061968450365 на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје со ЕМБС 6196845, единствен даночен број 4030007624760 и приоритетна дејност 64.20 -Дејности на холдинг друштвата

**II.**

Решението на Основниот суд Скопје 2 Скопје Ст.бр.369/16 од 05.12.2016 година со кое е поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство ,трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје , и определени мерки за обезбедување, **СЕ УКИНУВА.**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
ПРИМЕНО 26. 12. 2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 0804-6/2234 | | | |


Да се објави оглас на веб страница на Централен регистар на Република Македонија - Регионална регистрациона канцеларија- Скопје, во Службен весник на Република Македонија и на огласна табла на судот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предлагачот - доверител КХ Фурија ДОО преку полномошник до овој суд достави предлог за отворање на стечајна постапка над должникот .

Со Решение од 05.12 .2016 година судот поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот и со истото решение определи неколку привремени мерки меѓу кои определи и привремен стечаен управник.

Со поднесок од 20.12 2016 година предлагачот доверител преку полномошник Владимири Цековски адвокат од Скопје, го извести судот дека го повлекува предлогот за отворање на стечајна постапка над должникот од причини што должникот ги исплати долговите согласно извршните исправи.

Согласно чл.52 став 1 од Законот за стечај предлогот за отворање на стечајна постапка може да се повлече се до истакнување на огласот за отворање на стечајна постапка на огласната табла, односно до донесувањето на решение за отфрлање или за одбивање на предлогот. Според став 2 од истиот член ако предлагачот го повлече предлогот за отворање на стечајна постапка, стечајниот судија ќе ја запре постапката. Во тој случај настанатите трошоци на постапката ги поднесува предлагачот.

Според член 62 од Законот за стечај, решението за укинување на мерките за обезбедување ќе се објави, односно ќе се достави на начин на кој е објавено и решението со кое се определени.

Во конкретниот случај, судот со решението од 05.12 .2016 година поведе претходна постапка и определи мерки за обезбедување кое со извршеното повлекување на предлогот за отворање на стечајна постапка се укинува и истото се доставува и објавува на истиот начин на кој е објавено и доставено кога е донесено.

Со оглед на наведеното, согласно член 52 и член 62 од Законот за стечај, следуваше судот да донесе одлука како во изреката на решението.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II СКОПЈЕ**
**II. СТ.бр.369/16 од 21.12.2016 година**

**Мр.Вероника [illegible], с.р.**

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение не е дозволена жалба.

**Д.Н.**

-предлагачот- доверител доверител КХ Фурија ДОО со седиште на ул.Љубичева 7, Сплит Р.Хрватска преку полномошник адвокат Владимир Цековски од Скопје

-должникот Друштво за производство ,трговија и услуги ММ ИНВЕСТМЕНТ ДОО Скопје со седиште ул.Народен Фронт бр.5/3-1 Скопје Центар
- Привремен стечаен управник Младен Веселинов од Скопје
- НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
- Агенција за катастар на недвижности - Скопје
- Централен регистар на Република Македонија - Регионална регистрациона канцеларија Скопје
- Огласна табла на судот

Напомена: Да се изврши електронска достава до странките.

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК